Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), и член 10, став (6) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 јануари 2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08-102/19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/19, 205/21, 228/21, 277/21, 125/22 и 209/22), на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, се продолжува до 28 март 2023 година согласно Известување од Министерство за економија со арх.бр. 12-120/1 од 5 јануари 2023 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен.

2. Ова решение да се достави до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 12 декември 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08-102/19 за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 407“ со реф. бр. 407, заведено под архивски број УП1 бр.08 – 102/19 од 12 декември 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 октомври 2019 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 407“ со реф. бр. 407 со планирана моќност од 1499 kW и со локација на водотекот на река Пена-Вардар, с. Селце, општина Тетово, на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со рок на важење до 19 април 2020 година, УП1 бр.08 – 102/19, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/19.

Регулаторната комисија за енергетика на 26 август 2021 година одржа седница на која донесе Решение за изменување и продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 5

октомври 2021 година и направена е промена во седиштето на друштвото, УП1 бр.08-102/19 од 26 август 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 205/21.

Регулаторната комисија за енергетика на 5 октомври 2021 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 31 декември 2021 година, УП1 бр.08-102/19 од 5 октомври 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 228/21.

Регулаторната комисија за енергетика на 2 декември 2021 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 1 јуни 2022 година, УП1 бр.08-102/19 од 2 декември 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 277/21.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 мај 2022 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 13 септември 2022 година, УП1 бр.08-102/19 од 30 мај 2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 125/22.

Регулаторната комисија за енергетика на 22 септември 2022 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 28 март 2023 година, УП1 бр.08-102/19 од 22 септември 2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 209/22.

Во однос на поднесеното барање УП1 бр.08-102/19 од 12 декември 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика на 22 декември 2022 година донесе Решение за запирање на постапката се до добивање известување од Министерството за економија дали рокот за почеток со комерцијална работа на хидроелектроцентралата „ХЕЦ 407“ со реф. бр.407 ќе биде продолжен односно дали ќе биде склучен нов анекс на договорот за концесија.

Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, на 10 јануари 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Известување од Министерство за економија со арх.бр. 12-120/1 од 5 јануари 2023 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен до 28 март 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител е комплетно и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-102/19**
**20 јануари 2023 година**

**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**